РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Бр. 03 - 12623/1
20 ___ год.
СКОПЈЕ

Шифра од стандардот: п 5.2/1

Издание:02

Датум на примена:01.11.2018

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија е институција специјализирана за регулирање на пазарот на труд, социјалната заштита, детската заштита, социјалното осигурување, пензиско и инвалидско осигурување, боречко инвалидска заштита. Во своето работење препознатливи се принципите: професионалност, квалитет, независност и коректност.

**МИСИЈА**

Креирање и имплементација на политиките на пазарот на трудот, социјалната сигурност, еднакви можности, заштита и превенција од дискриминација согласно со меѓународните стандарди и принципи

**ВИЗИЈА**

Обезбедување на флексигурносен пазар на трудот, проследен со проактивна инклузивна социјална сигурност, еднакви можности за граѓаните и обезбедена примена на меѓународните стандарди и принципи преку социјален дијалог.

Главни цели на Министерството се:

- Континуирано подобрување на системот за управување со квалитет и целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015
- Зголемување на задоволството на корисниците со нашиот квалитет,
- Непристрасност, добра професионална пракса, ефикасност и етика.
- Соработка со испорачатели која се темели на партнерство, взаемна доверба и сродни принципи во работењето.
- Со постојано унапредување во работењето, да бидеме лидер во општеството.
- Соодветна стручна квалификација на вработените, детално познавање на специфичностите во работењето и постојана едукација.
- Извршување на работата компетентно и одговорно. Сите активности се изведуваат во согласност со договорените барања и законските прописи.
- Индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето.
  Раководството на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, целосно е одговорно за одржување и развој на Системот за квалитет.

Скопје, 01.11.2018

МИНИСТЕР,
Мила Царовска